**ИЗВЕСТУВАЊЕ**

**за објавување на Јавен повик за доставување на барања за користење на финансиски средства од петтата компонента на Инструментот за претпристапна помош за рурален развој на Европската Унија (ИПАРД Програмата 2007-2013)**

Владата на Република Македонија и Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој ги известуваат заинтересираните правни и физички лица дека во текот на месец Декември 2009 година ќе се објави првиот јавен повик за доставување на барања за користење на финансиски средства од петтата компонента на Инструментот за претпристапна помош за рурален развој на Европската Унија (ИПАРД Програма за периодот 2007-2013 година „Службен весник на Република Македонија" број 83/2009 од 03.07.2009 година), и тоа за средствата проектирани за 2007, 2008 и 2009 година.

Целта на ИПАРД Програмата 2007-2013 е преку соодветни мерки за поддршка на земјоделството и руралниот развој да се подобри конкурентноста на земјоделското производство и земјоделско-прехрамбениот сектор, преку нивно усогласување со стандардите на Европската унија и постигнување на одржлива животна средина и социо-економски развој на руралните средини преку поттикнување на економската активност и зголемување на можностите за вработување.

Финансиските средства од ИПАРД Програмата 2007-2013 проектирани за 2007, 2008 и 2009 година во врска со Јавниот повик од Декември 2009 година ќе се користат за следните мерки:

Мерка 101 - Инвестиции на земјоделските стопанства со цел нивно преструктуирање и надградба за постигнување на стандардите на Европската Унија,

Мерка 103 - Инвестиции за преработка и маркетинг на земјоделските и рибни производи со нивно преструктуирање и надградба за достигнување стандардите на Европската Унија, и

Мерка 302 - Диверзификација и развој на руралните економски активности.

Предвидените финансиски средства од овој Јавен повик изнесуваат вкупно 24.320.000 ЕУР од кои 18.240.000 ЕУР (75%) се придонеси од ЕУ и 6.080.000

ЕУР (25%) се придонеси од Буџетот на Република Македонија.
Правилата за користење на финансиските средства од ИПАРД Програмата 2007-2013 налагаат склучување на договор со потенцијалните корисници кои се обврзани да ја реализираат одобрената инвестиција. Контролата на лице место и спроведувањето на надзорот над договорот извршуваат овластени лица од релевантните институции од Република Македонија и Европска Унија.
Начинот и постапката за користење на финансиска поддршка од ИПАРД Програмата 2007-2013 се пропишани во Уредбата за начинот и постапката за користење на финансиска поддршка за мерки за рурален развој финансирани од петтата компонента на Инструментот за претпристапна помош за рурален развој на Европската Унија („Службен весник на Република Македонија“ број 112/2009 од 09.09.2009 година).
Огласот ќе трае 60 дена од денот на објавување на Јавниот повик во дневните весници.
Подетални информации во врска со типовите на инвестиции кои ќе бидат поддржувани, критериумите за добивање на финансиска поддршка, висината на поддршката по мерки, информации за изготвување и доставување на барања, како и практични совети за аплицирање заинтересираните можат да добијат во регионалните центри на Агенцијата за поттикнување на развој во земјоделството.

**Контакт:**

Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој
Телефон: 02 3097-450
Факс: 02 3097-454
e-mail адреса:ipardpa.info@ipardpa.gov.mk
www.ipardpa.gov.mk

Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
Тело за управување со ИПАРД
Телефон: 02 3109-809
Факс: 02 3110-887
www.mzsv.gov.mk

Агенција за поттикнување на развој во земјоделството
Телефон: 047 228-330
047 228-370

секој работен ден од 8:30 до 16:30 часот